# СТУДИСКА ПОСЕТА НА ИНСТИТУЦИИ ЗА ТРЕТМАН НА МАЛОЛЕТНИ ЛИЦА ВО ХОЛАНДИЈА

Во периодот 06-10 октомври 2014 година, во рамките на Проектот **,, Подобрување на затворските услови за реинтеграција на малолетните затворени лица"**, се одржа студиска посета на институциите за третман на малолетни лица во Холандија, организирана од страна на Холандскиот хелсиншки комитет.

На студиската посета учествуваа директорот на Затвор Охрид, заменик директорот на ВПД Тетово и 12 вработени од секторите за обезбедување и ресоцијализација од двете установи, двајца претставници на Управата за извршување на санкциите како и претставник на Македонскиот хелсиншки комитет.

Во текот на посетата учесниците имаа можност да се запознаат со работата и условите во Малолетничката институција Het Poortje сместена на две локации во Холандија – Groningen и Veenhuizen. Воедно, беше извршена посета и на музејот на затворите и начинините на казнување и издржување на казна затвор во Холандија низ историјата.

Исто така, учесниците ја посетија казнената институција Tilburg, каде поблиску се запознаа со начините на работно ангажирање на осудените лица како и условите и производствените процеси во работилниците кои вклучуваат многубројни дејности.